ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-3539/1
28.07. 2022 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18),
Градоначалникот на Општина Велес, на ден 28.07.2022 година донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1 згради на патниот сообраќај со инсталации и простори – полигон за обука на возачи на дел од КП 2356 КО Оризари вон град, Општина Велес, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 44/15 и 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, за планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1 згради на патниот сообраќај со инсталации и простори – полигон за обука на возачи на дел од КП 2356 КО Оризари вон град, Општина Велес, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:

- Донесувањето на планскиот документ е од локално значење и опфаќа мала област со вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници 0,26 ха.
- Според горе наведената планска документација на предметниот простор има предвидено намена:
  - Е - Инфраструктура
  - Е2.1 – згради на патниот сообраќај со инсталации и простори – полигон

  Во моментот на овој локалитет како намена веќе егзистира зоната на домување.
  Со планскиот документ се планира реализирање на проект што не е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Секретар
на Општина Велес
Марија Чатмова

Изработил: Јадранка Илијева
Одобрил: Роза Здравева